Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр .5/02), член 24, став 1 точка 3 од Статутот на општина Чашка („Службен гласник на општина Чашка" бр.8/07, 7/19),

Советот на општина Чашка на седницата одржана на 27.01.2020 година ја донесе следната

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА ЧАШКА - KOMUNA E ÇASHKËS
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА - KËSHILLI I KOMUNËS
Бр./Nr.: 08-100/7
27-01-2020 год./vitl.
ЧАШКА/ÇASHKË:

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА
### за измена на Статутот на општина Чашка

Член 1

Во Статутот на општина Чашка („Службен гласник на општина Чашка" бр.8/07, 7/19) се врши измена со тоа што после член 84, во Статутот на општина Чашка се додава нов член 85 кој гласи:

**ФОРУМИ НА ЗАЕДНИЦАТА**

„(1) Градоначалникот и Советот на општина Чашка по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во општината, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

(2) Организирањето на форуми опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да поддржат проекти во интерес на општината.

(3) Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до градоначалникот на општината, која врз основа на стратешките документи и цели за развој на општината одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

(4) Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува Советот на општината по предлог на Градоначалникот."

Член 2

Одлуката стапува на сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Чашка".

ОПШТИНА ЧАШКА
Претседател на Совет
Халит Фератов